## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
### од Сто и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 март 2008 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 15,31 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги завземат своите места.

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Сто и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Хади Незири, Андреј Жерновски, Лилјана Поповска, Павле Трајанов, Борис Кондарко, Лазар Китаноски, Мери Младеновска Ѓеоргиевски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Али Ахмети, Гоце Марковски и Љубчо Георгиевски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Предлагам предлогот на дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, за гласале 66, воздржан 1, против нема.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на одлука за објавување оглас за избор на членови на Комисијата за верификација на фактите.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, сите 64 гласале за.

Констирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точка 1 - Предлог на одлука за објавување оглас за избор на членови на Комисијата за верификација на фактите**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Процедурално за збор се јави господинот Зоран Витанов, повелете.

**Зоран Витанов:** Благодрам претседателе.

Сакам процедурално да информирам дека поради последните политички настани во државата, по однос на моеточленување во овој Парламент, како член на Социјалистичката партија, сакам да известам дека од овој момент јас моето членство како пратеник во Социјалистичката партија го замрзнувам. Значи останувам член на партијата, меѓутоа поради видни разудувања во однос на тоа како се одвива целата политика, како став на СПМ, визави влезот во НАТО, бизави името итн, сакам да објавам дека во овој Парламент ќе делувам како независен пратеник, а понатаму ќе информирам во која мера и по однос на што, дали ќе ја поддржувам Владата или не, сепак ќе ми оставите простор да се обидам да направам едни дополнителни консултации со премиерот.

Чисто сакав јавноста и моите пратеници тоа да го знаат дека од овој момент настапувам како независен пратеник. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Дали некој друг бара процедурално?

Повелете госпоѓа Божиновска.

**Валентина Божиновска:** Благодарам претседателе.

Имаме сосема доволен аудиториум да дадам поддршка на Владата и особено на Министерството за култура, иако во овие историски турбулентни мигови, денес е тука и опозицијата, тука е и позицијата, да продолжиме за она што сите работиме заеднички, за македонскиот идентитет.

Претседателе барам од Владата и од Министерството за култура под итно, да може во иднина да функционира една од најголемите македонски манифестации, Струшките вечери на поезијата, за која Владата го назначува претседателот на Советот и претседателот на Управниот одбор на Струшките вечери на поезијата.

На 21 март во Париз требаше веќе да се името на добитникот на најголемата манифестација во светот, за поезија. На 68 поети пишуваат за најголемата манифестација. Ако вклучите интернет, во овој миг се говори за најголемиот македонски настан, за најголемата македонска институција Струшки вечери на поезијата. Над 1500 автори пишуваат за песната “Т'га за југ”, за браќа Миладиновци. Таа единствена манифестација е македонска заради една песна, заради Т'га за југ. Само заради еден момент, почитувани колеги, да се вратат Миладиновци и да умрат во сопствената родна земја, во Македонија, во Струга.

Затоа, претседателе, под итно барам Владата да го смени Управниот одбор во кој е учителка по албански јазик. Јас не говорам против Тетовското кале, јас не говорам против копањето на Тетовското кале, против духовниот албански центар. Мможеби и Албанците да имаат своја поетска вечер, но Струшките вечери на поезијата во кои деновиве излегува господинот Јордан Плевнеш, излегува писателската асоцијација, излегува МАНУ, излегува Гане Тодоровски и говорат дека за прв пат во историјата нема да се

одржат Струшките вечери на поезијата, е преседан.

Во овој миг, како процедурално, барам и давам поддршка на Владата, под итно да се смени Советот односно претседателот на Управниот одбор. Тоа не е достоинствено име, учителка во некое училиште, да води таква голема манифестација. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Ќе ја земеме оваа ваша интервенција аднотам.

Има ли уште процедурални интервенции? (Нема).

Одиме со дискусија.

Повелете господине Додовски, имате збор.

**Марјан Додовски:** Благодарам претседателе, но мислам дека господинот Велјаноски како претседател на Комисијата за избори и именување треба прво да земе збор.

**Љубиша Георгиевски:** Да. Јас пропуштив да му дадам прво збор на господинот Велјаноски.

Повелете господине Велјаноски.

**Трајко Велјаноски:** Благодарам претседателе.

Како претседател на Комисијата за прашања на избори и именување, истовремено и како претеник и предлагач на оваа Предлог одлука, би сакал да укажам на одредени факти за кои ние како Комисија за избори и именувања ја имаме донесено одлуката.

Согласно член 16 од Законот за определување дополнителен услов за вршење на функција, потребно е Собранието на Република Македонија да донесе одлука за објавување на оглас за избор на членови на Комисијата за верификација на фактите. Тоа Собранието го направи на 12 февруари 2008 година, на тогашната одржана седница.

Врз основа на таа одлука се пријавија 48 кандидати и врз основа на нивните пријави Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на седницата одржана на 7 март 2008 година не утврди предлог одлука за избор на претседател, заменик претседател и членови на Комисијата за верификација на фактите од причини што Комисијата разгледувајќи ги документите што предложените кандидати ги имаат доставено до Комисијата, не можеше да оцени дали пријавените кандидати ги исполнуваат законските услови за да може да се изврши избор.

Со оглед на значењето и деликатноста во однос на одредени надлежности кои ги има самата Комисија за верификација на факти, ние како Комисија за прашања на изборите и именувањата, едногласно ја донесовме одлуката да се повтори огласот, со наведување на точно дефинирани документи кои пријавените кандидати треба да ги достават до Комисијата за прашања на изборите и именувањата, за да може Комисијата за прашања на изборите и именувањата, врз основа на тие документи да изврши правилен избор кој би бил составен од лица кои имаат кредибилитет да одлучуваат согласно Законот за определување дополнителни услови за вршење на јавна функција. Со оглед на тоа што е значајно одлуката за персоналниот состав на Комисијата за верификација на фактите е потребно да се изгласа до 2/3 мнозинство, сакаме да се предложат соодветни кадри кои би биле предложени и прифатени од сите политички партии во Собранието на Република Македонија.

Новата предлог одлука која е доставена до Собранието на Република Македонија, како што кажав, покрај цитираните законски услови член 19, од Законот за определување дополнителен услов за вршење на јавна функција во кој се кажува кој може да биде пријавен и да биде избран за член, претседател и заменик претседател на таа комисија, а кој не може. Исто така заради прецизирање е ставен ставот 4 во кој точно се наброени, како што претходно кажав, документите кои треба да бидат доставени до Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Потребата од брзо донесување на оваа одлука се состои во тоа што, согласно Законот, во рок од 60 дена е потребно да се избере оваа комисија чии рок истекува на 6 април. Затоа е и итноста на оваа седница за изгласување на оваа одлука што би била објавена во “Службен весник” да може што побрзо да се изберат претседател, заменик претседател и членови на Комисијата за верификација на фактите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Додовски имате збор.

**Марјан Додовски:** Благодарам претседателе.

Би сакал накратко да се осврнам на денешната точка на дневен ред односно повторното објавување на огласот. Значи неспорно е дека има потреба од повторно објавување на оглас за избор на Комисија за верификација на фактите. Меѓутоа, би сакал да укажам на неколку работи.

Прва работа е тоа што законот кој го донесовме, кој во “Службен весник” излезе на 29 јануари оваа година, има и свои одредници кои јасно укажуваат во кои рокови би требало да се движиме. Се плашам дека можеме да се доведеме во ситуација да бидат пробиени роковите во делот на изборот на членови на Комисијата затоа што согласно законот кој го донесовме и членот 40, јасно стои дека членовите на комисијата ќе бидат избрани најдоцна во рок од 60 дена од денот на влегување во сила на овој закон. Ако овој закон во сила влегува осмиот ден од неговото објавување во “Службен весник”, а тоа ќе биде 6 февруари, ние треба да бидеме свесни дека 6 април ни е некаде крајниот рок за изборот за членови на Комисијата, а некако тоа се поклопува и со временскио тпериод кога на некој начин ќе заврши и огласот за избор на членови на Комисијата за верификација на фактите.

Воедно би сакал да истакнам дека овој закон, со целосна поддршка од сите политички партии, беше донесен. Меѓутоа во времето на носењето на овој закон беа оставени неколку дилеми околу индивидуалната поддршка на овој закон односно лиферувањето на информации кој го поддржал а

кој не го поддржал законот. Од таа причина имам еден предлог, за да се симнат сите негативни размислувања и во јавноста, меѓутоа и како највисок законодавен дом во државата, први кои ќе ги пополнат изјавите во однос на овој закон, да бидеме ние пратениците токму 120-те, за да бидеме како пример пред сите други носители на јавните функции, дека и во овој момент кога го носиме овој закон сме надвор од она што би се рекло да не подлегнуваме на членовите од овој закон. Едноставно верувам дека сите 120 пратеници кои сме овде избрани ќе бидеме надвор од овој закон. Јас ќе бидам меѓу првите кој ќе ја потпише таа изјава. Длабоко сум убеден дека и другите колеги пратеници, исто така ќе го направат тој чекор, дека веднаш по изборот на Комисијата за верификација на фактите и одредување на формата и содржината, како треба да изгледа таа изјава, дека истата оваа изјава ќе биде поднесена. Би сакал сето тоа да има една целосна јавност, како би можела јавноста, на најдемократски и најотворен начин ние пратениците овде во Собранието да го покажеме нашето расположение и волја за донесување на овој закон.

Верувам дека тоа што се нарекува повторно објавување на огласот е повеќе од техничка причина, не од суштинска. Се работи за технички карактер, а дека нема никакви скриени намери туку дека реално ќе можеме да сметаме дека Комисијата ќе биде формирана по завршување на огласот и дека понатаму ќе бидат спазени сите рокови. Едноставно не би сакал повторно да се доведеме во ситуација овде во Собранието да дискутираме за ваква проблематика или за овој закон. Сакам да кажам не треба да бегаме од овој закон. Ако еднаш го донесовме треба сите пратеници, меѓутоа и сите други носители на високи државни функции да подлежат на овој закон. Од овој закон не би требало да има бегање. Не сакам Парламентот да оддава слика дека некој бега од одговорност. Затоа апелирам, веднаш по формирањето на Комисијата, токму ние 120-те пратеници најодговорно да ја пополниме таа изјава и јасно да укажеме дека овој закон го донесовме во име на вистината, во име на демократијата во Република Македонија и во она што би се нарекло развој на демократските процеси во Република Македонија и на чествување на се она што е поврзано со темното минато во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете госпоѓо Каревска имате збор.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Сосема на кратко би сакала да дадам поддршка на ова поново објавување на конкурсот и се јавив повеќе за збор затоа што во јавноста се создаде едно мислење дека никако не се сака да се дојде конечно до спроведување на законот.

Сите знаеме дека Република Македонија долго време чекаше да се донесе еден ваков закон, па дури и кога законот беше предложен во собраниска процедура помина долг период додека тој беше усвоен од Собранието. Секако дека во тоа меѓувреме се вршеа консултации со партиите околу одредени одредби на законот и навистина ние успеавме, како што тука беше спомнато, во февруари месец да го донесеме овој закон. Беше распишан и конкурсот, но со оглед дека се работи за многу суптилна, чувствителна материја па потребно е оваа Комисија да ја сочинуваат луѓе кои доследно и достоинствено ќе си ја обавуваат работната обврска. Такви документи немавме, бидејќи сум дел од Комисијата за избори и именување. Од доставените документи на кандидатите кои конкурираа за оваа функција. Значи, бидејќи немавме комплетни документи, Комисијата едногласно одлучи конкурсот да биде поништен.

Јас повеќе се јавив за збор, како што реков, бидејќи во јавноста се создаде мислење дека Собранието прави нешто да го одоговлекува чинот кога ќе почне да функционира овој закон односно со самото функционирање на Комисијата веќе ќе почне и законот да се имплементира. Затоа би сакала од ова место да апелирам до сите оние кои се заинтересирани да конкурираат, овој пат да имаме целосни документи во кои ќе се види дека кандидатите ги исполнуваат условите кои се бараат со Законот и ќе имаме малку посериозен пристап.

За жал, морам да констатирам, од оние документи што ги имавме на увид, некои беа дури и пишувани на рака. Мислам дека овој пат тоа нема да ни се случи и ќе успее Комисијата во законски предвидениот рок да ги избере кандидатите и оваа Комисија да почне да функционира и конечно и Република Македонија да затвори едно прашање што подолг период го имаме оставено отворено. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Поповски имате збор.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Ние како пратеничка група на СДСМ ќе гласаме за оваа точка и ќе дадеме поддршка.

Како второ, господине претседателе, сакам да не информирате, ако знаете. Имено, со оглед што од трите партии на Албанците во Собранието во моментот не присуствува ниту еден пратеник, дали ве известиле дека се работи за нивно намерно неприсуство, бојкот, или случајно не присуствува ниеден Албанец. Дали сте известени за ваквата појава. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Јас официјално не сум ништо известен. Меѓутоа, според протоколарниот распоред што денес имавме доста густи активности, видов дека сите учествуваа, последен пат се видовме, учествувавме на ручекот што го приреди американската амбасада, нормално, се дружевме и говоревме дека треба да се погрижиме за кворум, барем од моја страна беше говорено. Така што немавме на дневен ред ништо. Официјално ништо не сум известен.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, сите 65 пратеници гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за објавување оглас за избор на членови на Комисијата за верификација на фактите.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 107-та седница на Собранието на Република Македонија.

По пет минути за пререгистрација, продолжуваме според програмата.

Седницата заврши во 15,55 часот)